**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ**

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202 - 27/36
______ 202__ год.
Скопје

# У С Л О В И
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА И РАЗБОЈНИШТВО

**Скопје, септември 2023 година**

Усвоени со одлука на Управен одбор број 0202- 27/35 од 01.09.2023

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

(1) Предмет на осигурување од опасностите наведени во членот 2 од овие Услови можат да бидат подвижни предмети, освен:

1) предмети изложени на саеми и панаѓури,

2) моторни сувоземни, пловни возила, приколки, самоодни машини и воздушни летала.

Предмети наведени во точка 2 од овој став можат да се осигуруваат само за време додека се складирани како резерви во трговски и во царински складишта, или додека се наоѓаат на поправка во работилници и слично.

Ако изрично се договори и наведе во полисата, осигурени се и штиците за веслање (сурфање), кајаци, канua, додека се наоѓаат во заклучени простории.

(2) Осигурени се само предметите на осигуреникот и на лицата што со него живеат во заедничко домаќинство.

Ако посебно се договори и се наведе во полисата, осигурени се и предметите на работниците што работат на местото на осигурувањето означено во полисата (член 7), како и предметите на трети лица примени за поправка, преработка, продажба, во наем, на чување, во залог на услуга и слично.

(3) Осигурени се оние предметите што се наведени во полисата. Ако предметите се наведени како збир, тогаш се осигурени, како оние што постоеле во моментот при склучување на договорот, така и оние што дополнително се внесени во тој збир.

Предметите како збир можат да бидат предмет на осигурувањето само ако осигуреникот книговодствената евиденција ја води на начин кој е пропишан со закон.

Кај осигурувањето на пари, хартии од вредност и сл. осигурителот е во обврска само ако осигуреникот води евиденција на начин пропишан со прописите за банкарско работење.

(4) Предмети на осигурување можат да бидат и пари во банкомати (автомати за подигање пари), во затворен и на отворен простор.

Под сместување на банкомати во затворен простор се подразбира нивно сместување во простории со поголема фреквенција и постојана опсервација (како на пример: внатрешност на банка, хотел, аеродромска зграда и сл.).

Под сместување банкомати на отворен простор се подразбира нивно вградување во надворешен ѕид на деловна или друга зграда, така што само корисната површина на банкоматот е изложена на надворешен ѕид.

Штетите од загуба на пари што ќе ги претрпи осигуреникот, а кои немаат карактер на провална кражба и разбојништво, не се надоместуваат.

## ОСИГУРЕНИ ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ)

## Член 2

(1)Со осигурувањето по овие Услови се дава осигурителна заштита од ризикот извршување или обид за провална кражба и разбојништво, како и вандализам во текот на извршувањето на провалната кражба.

(2) Со осигурувањето се покриени штети од однесување, уништување или оштетување на осигурените предмети, како и штетите предизвикани со оштетување градежни делови на простории, инсталации и опрема (оштетување ѕидови, тавани, врати, стакла, брави итн.), во кои се наоѓаат осигурените предмети при извршување или обид за провална кражба, односно разбојништво, и тоа во висина на трошоците за поправка, но најмногу до 3% од сумата на осигурувањето, односно до 10% кај осигурувањето на „прв ризик", доколку не е договорено поинаку.

(3) Ако посебно се договори и плати доплатна премија, кај осигурувањето на музеи и изложби со осигурувањето се покриени и штети од обична кражба и оштетување од посетителите.

(4) Пари и други средства за плаќање и скапоцености за време на манипулирање со нив на благајни, шалтери и уплатни и продажни места, осигурени се од ризикот разбојништво на „прв ризик" под услов да е склучено осигурување за секое уплатно и исплатно место, односно продажно место посебно.

(5) Со осигурувањето не се покриени штетите од провална кражба, односно разбојништво кај осигурувањето на граѓаните:

1) извршени од членовите на семејството што живеат во заедничко домаќинство на осигуреникот и

2) извршени со учество на некои од членовите на семејството со кои живеат во заедничко домаќинство на осигуреникот како наговорувач или помагач.

За припадници се сметаат и лицата што во просториите каде што се наоѓале однесените или оштетените предмети живеат, работат или се примени на ноќевање.

(6) Со осигурувањето не се покриени ниту штетите:

1) од измама и проневера;

2) од обична кражба, освен за осигурувањата од став (3) од овој член;

3) поради посредни загуби предизвикани од настанување на осигурениот случај (загуба на заработувачка, денгуба и слично);

4) од кусокот утврден со пописот (инвентарисување), па ни тогаш кога кусокот ќе се установи пред инвентарисувањето (во пописот) кој е извршен по осигурениот случај.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД ПРОВАЛНА КРАЖБА

## Член 3

(1)Провална кражба, во смисла на овие Услови, се смета кражба ако нејзиниот извршител:

1) провалил во простории во кои се наоѓаат осигурените предмети (место на осигурувањето) со разбивање или кршење врати и прозорци или со провалување тавани, ѕидови и подови;

2) го отвори местото на осигурувањето со лажен клуч, или некое друго средство што не е наменето за редовно отворање, а притоа да е оставена трага врз основа на која може со сигурност да се утврди провала, во смисла на кривично-правен доказ;

3) провали во заклучено сместувалиште, во местото на осигурувањето, во кое се наоѓаат осигурените предмети, ако до сместувалиштето дошол на еден од начините кои, по одредбите од овој член, се квалификувани како провална кражба;

4) го отвори местото на осигурувањето, или сместувалиштето со вистински клучеви или со нивен дупликат, доколку до клучевите дошол со едно од дејствата наведени во точка 1, 2, 3 и 5 од овој став или со разбојништво или со превара на малолетен член од семејството;

5) влезе во местото на осигурувањето преку отвор што не е за тоа определен, совладувајќи пречки што оневозможуваат влегување.

Скокање преку отворен прозорец во ниско приземје (до висина од 3,50 метри до долниот раб на прозорецот) не се смета за провална кражба.

(2) Од ризикот провална кражба предметите се осигурени само за време додека се наоѓаат во затворени и во заклучени простории, односно во заклучени сместувалишта наведени во полисата.

Пари, хартии од вредност, таксени и поштенски марки, штедни книшки, скапоцени камења, благородни метали и предмети од благородни метали, вистински бисери, накит, златни предмети и колекции се осигурени од опасност од провална кражба само ако се наоѓаат во посебно заклучени сместувалишта (железни благајни, панцер благајни, трезори и слично), доколку не се договори поинаку. Надвор од посебното сместувалиште благородните метали и предмети од благородни метали се осигурени само за времетраење на процесот на преработка, обработка и манипулација.

Пари што се наоѓаат во банкомати можат да се осигурат од ризикот провална кражба и разбојништво согласно со Тарифата на премии IV.

(3) Стока и други залихи што се чуваат на отворен простор, какви што се: градежни материјали, железна стока, земјоделски машини, автомобили и други машини и вградени делови во тие машини, автомобили и сл., можат да се осигуруваат, доколку посебно се договори под услов просторот да е ограден со добро одржувана ограда во висина од најмалку 2 метри и да постои постојан чувар. Попустите за постојан чувар не се применуваат.

Доколку при остварување осигурен случај се утврди дека не постоел постојан чувар или дека оградата не е добро одржувана, осигурителот нема обврска да ја надомести штетата.

## ОБЕМ НА ОПАСНОСТ ОД РАЗБОЈНИШТВО

### Член 4

(1) Разбојништво во смисла на овие Услови се смета одземање на осигурените предмети со примена на сила (загрозување со опасност по живот и здравјето) против осигуреникот или неговите припадници или застрашување дека непосредно ќе се нападне на животот или телото на овие лица.

(2) Се смета дека постои употреба на сила и тогаш кога се употребени средства за оневозможување отпор.

## ОСИГУРУВАЊЕ ПАРИ И ДРУГИ ВРЕДНОСТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕНЕСУВАЊЕ ИЛИ ПРЕВОЗ

### Член 5

(1) Ако посебно се договори, со осигурувањето се опфатени штети од разбојништво над лице на кое му е доверено пренесување или превезување пари, хартии од вредност, штедни книшки, чекови, меници (потврди) за депозит и скапоцености (преносител, прекупувач, инкасант, трговски патник и сл. во понатамошниот текст: доставувач).

Со осигурувањето се опфатени, до висина на сумата на осигурувањето, за одделен пренос односно превезување, а најмногу до 5.000 евра и штетите што ќе настанат за време на пренесувањето, односно превезувањето, поради:

1) измама, која е извршена од овие лица во смисла на поимот измама по кривичниот закон;

2) кражба на осигурените вредности на доставувачот додека се наоѓа под непосредна телесна заштита на овластено лице.

(2) Во договорот за осигурување пари и други вредности од ставот 1 на овој член, за време на пренесување, односно превезување мора да се означи бројот на доставувачите што по налог на осигуреникот превезуваат пари и други вредности.

(3) Обврската на осигурителот за секој одделен случај на пренесување или превезување пари, односно други вредности од ставот (1) на овој член започнува од моментот кога доставувачот презема пари или други вредности и трае, по определен пат според налог на осигуреникот, сè додека парите односно другите вредности не ги предаде на определеното место.

(4) Предметите од ставот 1 на овој член за превоз со моторно возило може да се осигуруваат од опасност разбојништво, како и од настанување и оштетување, односно уништување во случај на сообраќајна незгода.

За сообраќајна незгода, во смисла на овие Услови, се смета: превртување, судир, удар, лизгање, превртување на моторното возило со кое се врши превоз на вредностите, како и сите други оштетувања предизвикани од ненадејни случаи однадвор под дејство на механичка сила, а независно од волјата на договарачот

на осигурувањето, односно на возачот, како и оштетување предизвикано ненадејно од термичко или од хемиско делување однадвор.

(5) Осигурувањето на пренесувањето, односно превезувањето пари и други вредности се склучува на сума на осигурување однапред договорена и во полисата означена по еден доставувач, а отштетата се исплатува во полн износ, но најмногу до сумата на осигурувањето (осигурување на „прв ризик"). За еден доставувач ако нема придружник, сумата на осигурувањето може да изнесува најмногу 5.000 евра во денарска противвредност. За осигурувањето на сума на осигурување од 5.000 - 15.000 евра во денарска противвредност, услов е доставувачот да има придружник или парите да ги пренесува во специјален за тоа предвиден куфер со шифра и синџир, а за осигурување сума поголема од 15.000 евра, во денарска противвредност, потребно е доставувачот да има специјален куфер со шифра и синџир и вооружена придружба од најмалку еден вооружен придружник.

Ако при настанувањето на осигурен случај се утврди дека доставувачот нема придружник или специјален куфер со шифра и синџир, а осигурувањето било склучено на сума на осигурување поголема од 5.000 евра, во денарска противвредност, при утврдувањето на висината на надоместокот ќе се земе како осигурувањето да било склучено на сума на осигурување до 5.000 евра, во денарска противвредност. Исто така ќе се постапи ако се утврди дека доставувачот немал специјален куфер со шифра и синџир и вооружен придружник, а осигурувањето било склучено на сума на осигурување поголема од 15.000 евра, во денарска противвредност.

(6) Исклучително од условите што се бараат во претходниот став може, со посебно договарање и доплата на премија, да се склучи осигурување:

1) за разнесувачи на пошта на сума на осигурување до 15.000 евра во денарска противвредност;

2) за референтите за продавање скапоцености (злато и други благородни материјали, предмети изработени од нив, драгоцени камења, бисери и сл.) до сума на осигурување од 80.000 евра, во денарска противвредност. Референти по продажба можат да бидат само лица во постојан работен однос со осигуреникот, психички, физички и морално способни за продажба и за носење скапоцености, вооружени со исправно оружје и оспособени за ракување со тоа оружје. Скапоценостите што се пренесуваат во специјални куфери снабдени со шифра и синџир, осигурени се како додека се пренесуваат и превезуваат со возила на осигуреникот, така и преку ноќ, додека се наоѓаат во заштитени сместувалишта (железни благајни, панцер благајни, трезори, вградени сефови и сл.) од ризикот провална кражба.

## ВРЕДНОСТ НА ОСИГУРЕНИ ПРЕДМЕТИ

### Член 6

Вредност на осигурените предмети е:

1) за резерви на стоки, материјали и суровини (подвижни предмети) - набавната цена, земајќи ја предвид амортизацијата изменета на модата и други особини (карактеристики), или пазарната цена ако таа е пониска од набавната;

2) за резерви на готови производи и надворешно производство кај производителот - производната цена, ако пазарната цена е пониска од производната - пазарната цена;

3) за резерви на земјоделски производи кај производителот - производната цена, а ако пазарната цена е пониска од производната - пазарната цена;

4) за машини, уреди и инсталации, транспортни средства и средства за врски, инвентар и предмети за домаќинство, набавната цена на нови предмети намалена за износот на проценетата амортизација (техничка и економска);

5) ако осигурениот инвентар и предметите во домаќинството се потполно уништени или украдени, а осигуреникот не може да ја докаже нивната вредност во смисла на претходниот став, осигурителот е обврзан да надомести 50% од набавната вредност на новите предмети;

6) за хартии од вредност, архивска граѓа за музејски предмети и предмети на изложба - вредноста спогодбено утврдена помеѓу осигурителот и договарачот на осигурувањето;

7) за предмети од благородни метали, непреработени благородни метали, скапоцени предмети, уметнички предмети, документи, планови, детски цртежи, модели, колани, макети, ракописи, предметни збирки и деловни книги, вредноста спогодбено се одредува помеѓу осигурителот и договарачот на осигурувањето. Ако таа вредност не е спогодбено утврдена, предметите од оваа точка се сметаат за осигурени најмногу до 50 евра во денарска противвредност од парче, а до 200 евра во денарска противвредност од збирката.

## МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 7

(1) Предметите се осигурени од опасност од провална кражба и разбојништво додека се наоѓаат во просториите, односно во сместувалиштето означено во полисата (место на осигурувањето).

Ако одделни предмети привремено се оддалечени, но најмногу 30 дена за потреба од користење на осигуреникот, осигурувањето важи и на друго место, освен осигурувањето на пари, скапоцености, злато, платина и други благородни метали.

(2) Осигурувањето е во важност и тогаш кога сите осигурени предмети се пренесени од местото означено во полисата на некое друго место во рамките на седиштето на осигуреникот, односно на местото на живеење на територијата на Република Македонија.

Осигуреникот е должен за преселувањето на осигурените предмети веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена, да го извести осигурителот. По наведениот рок осигурувањето престанува да важи.

## УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОК ОД ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 8

(1) Висината на надоместокот се утврдува:

1) Во случај на однесување или уништување предмети - според вредноста на осигурените предмети (член 6) во времето на настанување на осигурениот случај, намалена за вредноста на остатоците, просечните манипулативни кусоци и одобрениот растур (кало), кршењето и расипувањето.

2) Во случај на оштетување - во висина на трошоците за поправката (материјал и работна рака) во времето на настанувањето на осигурениот случај, намалена за износот на проценетата амортизација и вредноста на остатоците.

(2) Ако сумата на осигурување е помала од вкупната вредност на предметите во време на настанување на осигурениот случај (подосигурување), надоместокот ќе се плати сразмерно помеѓу сумата на осигурување и вредноста на осигурените предмети. Во овој случај се применуваат одредбите за подосигурување.

(3) Ако предметите се осигурени на „прв ризик", надоместокот ќе се плати во висина на настанатата штета, а најмногу до договорената сума на осигурување „прв ризик". Во овој случај не се применуваат одредбите за подосигурување.

(4) Во секој штетен настан пресметаниот надоместок се намалува за 15% ако не се договори поинаку.

(5) Ако трошоците за поправката на оштетениот предмет се поголеми од вредноста на осигурените предмети на денот на настанувањето на осигурениот случај, ќе се постапи како тој предмет да е уништен и надоместокот ќе се пресметува според став 1 точка 1 од овој член.

6) Ако се пронајдени извршителите на провалната кражба односно разбојништво и ако дополнително на несомнен начин биде утврдено дека надоместокот по основ на осигурувањето треба да биде помал од износот на исплатениот надоместок, осигуреникот е должен да го врати веќе исплатениот износ. Ако според утврдената висина на вистинската штета надоместокот по основ на осигурувањето треба да биде поголем од износот на исплатениот надоместок, осигурителот дополнително ќе му ја исплати на осигуреникот разликата помеѓу исплатениот надоместок и надоместокот што треба да се плати.

## НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ

**Член 9**

(1) Осигурителот ги надоместува трошоците што ги направил осигуреникот кога настанал осигурениот случај за преземените мерки заради отстранување и намалување на штетата, па и тогаш кога тие мерки не биле успешни.

(2) Надоместокот на трошоците од претходниот став и надоместокот од членот 8 од овие Услови вкупно не можат да ја надминат сумата на осигурувањето.

Трошоците за отстранување на штетата, направени по налог на осигурителот, се надоместуваат и тогаш кога заедно со надоместокот ја надминуваат сумата на осигурувањето.

(3) Во случај на подосигурување, трошоците за отстранување и за намалување на штетата се надоместуваат во ист сразмер како и надоместокот од член 8 став 1 од овие Услови, освен во случаите кога трошоците се направени по налог на осигурителот.

(4) Осигурителот нема обврска да ги надомести трошоците направени за отстранување на причината на штетата, како и трошоците за интервенција на организации и органи чија должност, според карактерот на работењето, е да укажуваат бесплатна помош кога ќе настане осигурен случај.

## ПРОНАЈДЕНИ УКРАДЕНИ ПРЕДМЕТИ

**Член 10**

(1) Ако осигуреникот на кој и да е начин разбере каде се наоѓаат украдените предмети, должен е да ги преземе сите потребни мерки, особено преку надлежните органи да се утврди идентичноста на овие предмети и да му се вратат што побргу. Исто така е должен, за своето сознавање, преземените мерки и за резултатите од нив, да го извести осигурителот во најкус рок.

(2) Ако на осигуреникот не му е исплатен надоместокот, а не минал рокот за исплата на надоместокот за пронајдените предмети утврден со Општите услови за осигурување имоти, осигуреникот е должен да ги прими назад пронајдените предмети.

Ако вратените предмети се оштетени, осигуреникот има право на надоместок според членот 8 од овие Услови.

(3) Ако украдените предмети се пронајдени, по исплатата на надоместокот од осигурувањето или по истекот на рокот за исплата, осигуреникот може да ги задржи за себе, но е должен на осигурителот да му го врати примениот надоместок за неоштетените предмети со одбивање на неопходните трошоци за преземањето, кои не можат да го надминат износот на исплатениот надоместок, а оштетените предмети може да ги задржи по цена спогодбено утврдена со осигурителот и да му

врати соодветен дел од применилот надоместок. Доколку осигуреникот не сака да ги задржи овие предмети, тие преминуваат во сопственост на осигурителот.

## ПРОМЕНА НА СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 11

(1) Осигурувањето е годишно, но може да се склучи и осигурување со траење помалку од 1 година (краткорочно осигурување) со соодветен процент на премија предвиден во Тарифата на премии IV.

(2) Договорената сума на осигурување е фиксна за целиот период на траење на осигурувањето.

(3) За времетраење на осигурувањето, договорената сума на осигурување може, на барање на договарачот на осигурувањето, да се зголеми со пресметка на премија по метод про-рата.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 12

Доколку не се во спротивност со овие Услови, на осигурувањата склучени според овие Услови ќе се применуваат Општите услови за осигурување имоти.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 13
Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

### Член 14
Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

### Член 15
Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

### Член 16
Обработка и заштита на личните податоци

Согласно одредбите од Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ

НЕЖИВОТ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на физички лица-договорувачи на осигурување односно осигуреници чии лични податоци ги обработува ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје со цел исполнување на права и обврски кои произлегуваат од конкретниот закон. Личните податоци ќе се обработуваат само на начин што обезбедува соодветно ниво на безбедност на личните податоци со примена на соодветни технички или организациски мерки, со имплементиран систем за информациска сигурност заради заштита на личните податоци, согласно стратегиите и политиките на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје. ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи совесно, законито и согласно целта за која се собрани.

**Член 17**

Основ и цел за обработка на лични податоци

Врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје собира, обработува, чува, користи и доставува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси). Контролорите може да ги обработуваат личните податоци со цел исполнување на правата што произлегуваат од договорот за осигурување, односно со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети.

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува личните податоци само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци.

Согласноста за обработка на личните податоци може да се повлече во секое време трајно или привремено преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: „ул.Пиринска“ бр.23, 1-1/5, 1000 Скопје“ или преку електронска адреса info@grawe.mk.

**Член 18**

Пренос на личните податоци

ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје е дел од Групацијата Grawe. Личните податоци на субјектите на лични податоци се пренесуваат во рамките на Групацијата, односно во матичното друштвото Grazer Wechselseitige Versicherung Aktiengesellschaft. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци.

**Член 19**

Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг

Личните податоци со исклучок на податоците за здравствена состојба, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги обработува за цели на директен маркетинг само врз основа на дадена согласност за обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг кои ги врши за себе или поврзаните друштва во земјата или во странство.

**Член 20**

Права на субјектите на личните податоци

Во врска со сите прашања поврзани со обработка на лични податоци, за остварување на правата кои произлегуваа од Законот за заштита на личните податоци субјектите на лични податоци доставуваат барање на адреса на Граве Осигурување Неживот АД Ул.Пиринска 23,1-1/5 Скопје со назнака за Офицер за заштита на лични податоци.

**Член 21**

Рокови на чување на лични податоци

Личните податоци, ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје ги чува во рок до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување.

По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје.

**Претседател на Управен одбор**
**Елизабета Божиновска**